# 3. Анализа на билансот на состојба на банките во Република Македонија

## 3.1. Актива

Трендот на пораст на вкупната актива на банките во Република Македонија забележан во изминатите неколку години, продолжи и во 2000-та година. Како резултат на тоа вкупната нето актива на банките на 31.12.2000 година достигна износ од 81.999 милиони денари, што споредено со истиот период од претходната година претставува номинален пораст од 13,5%, односно реален пораст од 9,5%.[1] Повисоката стапка на пораст на вкупната актива на банките во однос на порастот на бруто домашниот производ (БДП) во 2000-та година услови зголемување на показателот вкупна актива/ БДП за 1,2 процентни поени и на крајот на 2000-та година достигна 38,2%. Ваквото учество на вкупните средства на банките во БДП е сеуште многу ниско и ја покажува недоволната ефикасност на банките во вршењето на нивната интермедијарна функција во економијата.

Основните фактори кои условија пораст на активата на банките во Република Македонија во текот на 2000-та година се лоцираат во растежот на депозитите и зголемувањето на капиталот, пред се како резултат на неколку значајни странски инвестиции. Од вкупно 22 банки кои егзистираа во Република Македонија на крајот на 2000-та година, пораст на активата е остварен кај 18 банки и се движи од 0,7% до 102,4%.

Графикон 5

Структура на активата




Порастот на вкупната актива на банките во 2000-та година во најголем дел е манифестиран преку порастот на пласманите кај комитенти, пласманите кај други банки и хартиите од вредност со реесконт на НБРМ (Биланс на состојба-

[1] Реалниот пораст се добива со дефлационирање на средствата на банкарскиот систем со стапката на пораст на трошоците на живот која за 2000-та година изнесува 6,1%.

Анекс Бр.1). Овие три ставки сочинуваат нешто повеќе од 2/3 од вкупната агрегирана актива на македонските банки на 31.12.2000 година. Притоа, заради повисокиот пораст на вкупната актива во споредба со Пласманите кај комитенти, нивното структурно учество во вкупната актива опаѓа.

### *3.1.1. Кредитна активност на банките*

Во 2000-та година се забележува тренд на интензивирање на кредитната активност на банките во Република Македонија. Имено, бруто пласманите кај комитенти (нефинансиски правни лица и население) на 31.12.2000 година изнесуваат 36.744 милиони денари што во споредба со истиот период од претходната година претставува зголемување за 3.493 милиони денари, односно пораст од 10,5%. Меѓу најзначајните фактори кои придонесоа за констатираниот нагорен тренд на кредитите на стопанството и населението од банките во Република Македонија во текот на 2000-та година може да се набројат: подобрувањето на состојбите во опкружувањето, зголемените странски инвестиции и депозитниот потенцијал на банките, укинување на кредитните лимити за денарски пласмани како и намалувањето на задолжителната резерва за девизните штедни влогови на население.

Преглед 3

Структура на кредитните пласмани одобрени на нефинансиски субјекти

(во илјади денари)

| Период | Корисници | Претпријатија | | Други комитенти | | Население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Рочност | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Вкупно |
| 2000 | Достасани | 2.259.943 | 165.119 | 44.529 | 281.858 | 43.721 | 0 | 2.795.170 |
| | Краткорочни | 11.078.827 | 1.592.056 | 257.651 | 409.514 | 1.229.254 | 0 | 14.567.302 |
| | Долгорочни | 6.033.536 | 3.237.372 | 317.542 | 213.383 | 2.075.403 | | 11.877.236 |
| | Нефункционални | 5.516.623 | 1.444.090 | 134.755 | 44.235 | 362.900 | 2.322 | 7.504.925 |
| | Бруто кредити | 24.888.929 | 6.438.637 | 754.477 | 948.990 | 3.711.278 | 2.322 | 36.744.633 |
| | Резерви за потенцијални загуби | | | | | | | -9.019.692 |
| | Нето кредити | | | | | | | 27.724.941 |
| | Корисници | Претпријатија | | Други комитенти | | Население | | |
| | Рочност | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Вкупно |
| 1999 | Достасани | 1.793.453 | 351.601 | 4.711 | 25.475 | 40.401 | 0 | 2.215.641 |
| | Краткорочни | 9.345.329 | 2.723.822 | 915.544 | 631.097 | 1.074.062 | 0 | 14.689.854 |
| | Долгорочни | 5.791.048 | 3.501.804 | 295.659 | 65.716 | 1.216.579 | | 10.870.806 |
| | Нефункционални | 3.389.714 | 1.495.477 | 308.565 | 7.608 | 271.921 | 1.758 | 5.475.043 |
| | Бруто кредити | 20.319.544 | 8.072.704 | 1.524.479 | 729.896 | 2.602.963 | 1.758 | 33.251.344 |
| | Резерви за потенцијални загуби | | | | | | | -7.825.096 |
| | Нето кредити | | | | | | | 25.426.248 |

Рочната структура на пласманите кај комитенти (кредитните пласмани) во 2000-та година не покажува значајни поместувања во споредба со претходната 1999 година. И понатаму највисоко учество (39,6%) имаат краткорочните кредитни пласмани. По нив следуваат долгорочните кредитни пласмани со структурно учество од 32,32% во бруто кредитните пласмани. Категориите достасани кредитни пласмани и нефункционални кредити го зголемуваат своето учество и во структурата на бруто кредитните пласмани учествуваат со 7,6% и 20,42%, респективно.

Структурната анализа на кредитните пласмани по корисници покажува доминантно учество на пласманите кај претпријатија (85,3%) кои на бруто основа на крајот од 2000-та година изнесуваат 31.328 милиони денари и во

споредба со претходната се поголеми за 2.936 милиони денари што претставува раст од 10,3%. Кредитните пласмани кај население на крајот од 2000-та година изнесуваат 3.713 милиони денари што во споредба со крајот на 1999 година е зголемување за 1.108 милиони денари или пораст од 42,5%. Со тоа нивното структурно учество во кредитните пласмани на нефинансиски субјекти во текот на 2000-та година се зголемува за 2,9 процентни поени, со што на крајот од 2000-та година достигнува 10.1%.

Валутната структура на кредитните пласмани на крајот од 2000-та година покажува дека 53,1% од вкупните кредити одобрени од страна на банките се денарски кредити, 26,8% се денарски кредити со девизна клаузула, а остатокот од 20,1% се девизни кредити пласирани врз основа на повлечени кредитни линии од странство. Учеството на девизните кредити во вкупните кредити во однос на минатата година бележи намалување за 6,4 процентни поени.

Позитивниот тренд на интензивирање на кредитната активност на банките во текот на 2000-та година може да се согледа и од движењето на кредитните пласмани дадено во Преглед 4. Имено, од вкупно одобрените кредити во износ од 55.904 милиони денари, 94,8% се новоодобрени и пролонгирани кредити во текот на годината, а само 5,5% отпаѓаат на пласмани кои настанале по основ на паднати вонбилансни обврски на товар на банките. Во текот на годината се извршени наплати во износ од 50.386 милиони денари, а отпишани се побарувања во износ од 2.024 милиони денари, при што дојде до зголемување на резервите за потенцијални загуби за 1.194 милиони денари.

Преглед 4

Движење на кредитните пласмани во текот на 2000-та година

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| Состојба на 01.01.2000 година | 25.426.248 |
| Зголемување во текот на годината | 55.904.572 |
| -Одобрени кредити | 52.987.630 |
| -Пласмани по основ на паднати вонбилансни обврски на товар на банките | 2.916.942 |
| Намалување во текот на годината | -52.411.283 |
| -Наплати во текот на годината | 50.386.691 |
| -Отпишани побарувања | 2.024.592 |
| Зголемување на резервите за потенцијални загуби | -1.194.596 |
| Состојба на 31.12.2000 година | 27.724.941 |

*3.1.2. Пласмани кај банки*

Пласманите кај домашни и странски банки со своето учество од 33,3% претставуваат втора по големина ставка во активата од агрегираниот биланс на состојба на 31.12.2000 година. Во споредба со крајот на 1999 година пласманите кај банки се зголемени за 4.919 милиони денари, односно 22% со што на крајот на декември 2000-та година достигнуваат износ од 27.285 милиони денари. Со тоа оваа ставка од билансот на состојба покажува највисоко зголемување во текот на 2000-та година . Структурно гледано, доминантно

учество во рамки на пласманите кај банки (88,5%) има категоријата сметки кај странски банки, која го носи целокупниот пораст на пласманите кај банки во текот на 2000-та година. Оттука може да се констатира дека еден значаен дел од ефектите на докапитализација на банките во текот на 2000-та година, остварена пред се преку странски инвестиции е пласирана на сметки кај странски банки. Ова покажува дека банките во Република Македонија имаат потенцијал за натамошно поголемо интензивирање на финансиската поддршка на стопанството и кредитирањето на население.

Најголем дел од пласманите кај домашни и странски банки се со рочност до три месеци. Од аспект на валутната структура најголем дел, односно 95% од пласманите кај банки се девизно номинирани.

Анализата на движењето на кредитите пласирани кај други банки покажува дека банките во текот на 2000-та година пласирале 33.013 милиони денари, од кои 99,7% се кредити одобрени на домашни банки директно или преку Пазарот на пари, а останатиот дел отпаѓа на паднати вонбилансни обврски на товар на банките по основ на гаранции и авали издадени за други банки. Од вкупниот износ на кредити пласирани кај други банки на крајот од 2000-та година, 40,51% отпаѓаат на кредити одобрени од страна на “Македонската банка за поддршка на развојот”, која својата кредитна активност ја остварува пласирајќи ги средствата преку комерцијалните банки во Република Македонија.

Преглед 5

Структура на пласманите кај домашни и странски банки и движење на кредитите одобрени на други банки во текот на 2000-та година

(во илјади денари)

| 2000 | Денарски | Девизни | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Сметки кај други банки | 0 | 25.859.667 | 25.859.667 |
| Достасани | 277 | | 277 |
| Краткорочни | 1.036.091 | 67.166 | 1.103.257 |
| Долгорочни | 316.592 | | 316.592 |
| Нефункционални | 5.130 | 311 | 5.441 |
| Бруто кредити одобрени на други банки | 1.358.090 | 67.477 | 1.425.567 |
| Резерви за потенцијални загуби | 0 | 0 | 0 |
| Нето кредити одобрени на други банки | 1.358.090 | 67.477 | 1.425.567 |
| Вкупни пласмани кај други банки | 1.358.090 | 25.927.144 | 27.285.234 |

| 1999 | Денарски | Девизни | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Сметки кај други банки | 0 | 20.450.871 | 20.450.871 |
| Достасани | 8.991 | | 8.991 |
| Краткорочни | 1.537.848 | 49.429 | 1.587.277 |
| Долгорочни | 308.480 | | 308.480 |
| Нефункционални | 10.419 | 11 | 10.430 |
| Бруто кредити | 1.865.738 | 49.440 | 1.915.178 |
| Резерви за потенцијални загуби | 0 | 0 | 0 |
| Нето кредити | 1.865.738 | 49.440 | 1.915.178 |
| Вкупни пласмани кај други банки | 1.865.738 | 20.500.311 | 22.366.049 |

| | |
|---|---|
| Состојба на 01.01.2000 година | 1.915.178 |
| Зголемување во текот на годината | 33.013.446 |
| - Одобрени кредити | 32.927.603 |
| - Пласмани по основ на паднати на товар вонбилансни обврски на банките | 85.843 |
| Намалување во текот на годината | -33.503.057 |
| - Наплати во текот на годината | -33.503.057 |
| - Отпишани побарувања | |
| Зголемување на резервите за потенцијални загуби | 0 |
| Состојба на 31.12.2000 година | 1.425.567 |

### *3.1.3. Пласмани во хартии од вредност со реесконт на Народна Банка на Република Македонија и пласмани во долговни хартии од вредност*

Најголем дел од хартиите од вредност во билансите на македонските банки се хартии од вредност со реесконт на Народна Банка на Република Македонија и државните обврзници издадени од страна на Република Македонија по различни основи.

Хартиите од вредност со реесконт на Народна Банка на Република Македонија односно, благајничките записи, на крајот од 2000-та година изнесуваат 4.377 милиони денари или 5,3% од нето активата на банкарскиот систем, што во споредба со истиот период претходната година претставува зголемување за 154,8%. Најголем дел од нив (2.667 милиони денари или 60,9%) се запишани во декември 2000-та година од страна на Стопанска Банка а.д. Скопје врз основа на средства добиени од Буџетот на Република Македонија кои треба да се користат за исплата на обврските на Република Македонија по основ на замрзнатото девизно штедење.

Во структурата на вкупната актива на банкарскиот систем на крајот од 2000-та година долговните хартии од вредност учествуваа со 9,4%. Најголем дел од овие средства, односно 90,6% отпаѓа на хартиите од вредност на државата. Од нив, најголем дел, односно 97,6% отпаѓа на државните обврзници издадени по основ на реструктуирањето на Стопанска Банка а.д. Скопје согласно Законот за гаранцијата на инвестицијата на стратешките инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници од страна на Република Македонија во Стопанска Банка а.д. Скопје ("Сл. Весник на РМ" бр. 86/99) кои се со рок на достасување 15 години. Остатокот се обврзници издадени од страна на Агенцијата за Санација на Банка. Мал дел од долговните хартии од вредност се однесуваат на долговни хартии од вредност емитувани од страна на други банки и чекови издадени од домашни и странски банки.

## 3.2. Капитал и обврски

Структурната анализа на пасивата од агрегираниот биланс на состојба на банките во Република Македонија го рефлектира нивото и структурата на сопствените средства на банките и различните облици на екстерни извори на средства, чиј обем зависи од обемот на активните банкарски операции како и способноста на банките да обезбедат вакви извори на средства.

Графикон 6

Структура на финансискиот потенцијал



Во структурата на изворите на средства најзначајно место припаѓа на депозитите кои во вкупните извори на средства имаат учество од 62,9% на 31.12.2000 година. Потоа следуваат сопствените средства со учество од 23,3% и позајмиците со учество од 9,5%.

### *3.2.1. Примарни извори на средства- Депозити од нефинансиски правни лица и од население*

Вкупниот износ на депозити од нефинансиски правни лица и од население на крајот од 2000-та година изнесуваше 46.644 милиони денари или 17,5% повеќе во однос на претходната година.

Преглед 6

Структура на депозитите од нефинансиски правни лица и население

(во илјади денари)

| Период | Депозити | Претпријатија | | Други комитенти | | Други комитенти | | Население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Рочност | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Вкупно |
| 2000 | По видување | 8.362.296 | 8.903.519 | 3.287.949 | | 1.279.290 | | 3.161.256 | 4970851 | 29.965.161 |
| | Ограничени | 306.454 | 1.324.724 | 971.915 | | 117.930 | | | | 2.721.023 |
| | Краткороч. ороч. до 1 год. | 5.442.469 | | 684.306 | | 191.726 | 2.012.212 | 653.615 | 1907817 | 10.892.145 |
| | Долгороч. ороч. над 1 год. | 72.545 | 0 | 90.515 | 4.899 | 65.166 | 2.332 | 1.954.380 | 876.218 | 3.066.055 |
| | Вкупно | 14.183.764 | 10.228.243 | 5.034.685 | 4.899 | 1.654.112 | 2.014.544 | 5.769.251 | 7.754.886 | 46.644.384 |
| | | | | | | | | | | |
| | Рочност | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Вкупно |
| 1999 | По видување | 7.481.743 | 10.001.133 | 1.259.171 | | 1.088.615 | | 2.392.401 | 3125040 | 25.348.103 |
| | Ограничени | 310.165 | 1.174.373 | 805.458 | | 84.538 | | | | 2.374.534 |
| | Краткороч. ороч. до 1 год. | 4.433.783 | | 569.617 | | 173.528 | 1.615.557 | 559.326 | 927116 | 8.278.927 |
| | Долгороч. ороч. над 1 год. | 786.159 | 0 | 281.563 | 0 | 74.613 | 2.114 | 2.036.770 | 532.026 | 3.713.245 |
| | Вкупно | 13.011.850 | 11.175.506 | 2.915.809 | 0 | 1.421.294 | 1.617.671 | 4.988.497 | 4.584.182 | 39.714.809 |
| | Стапка на пораст на депозитите | 9,01% | -8,48% | 72,67% | | 16,38% | 24,53% | 15,65% | 69,17% | 17,45% |

Структурната анализа на билансот на состојба покажува дека во текот на 2000-та година остануваат доминантни депозитите по видување и краткорочните депозити орочени до 1 година. На овие депозити отпаѓа 87,6% од вкупните депозити, а само на депозитите по видување 64,2% од вкупните депозити. Депозитите по видување во однос на минатата година зебележале пораст од 18,2%, додека стапката на пораст на краткорочните депозити изнесува 31,6%. Ограничените депозити структурно го задржуваат истото учество во вкупните депозити од крајот на претходната година (5,8%). За разлика од краткорочните депозити, долгорочните депозити орочени над 1 година на крајот на 2000-та година се помали за 17,4% во споредба со претходната година. Причина за опаѓањето на долгорочните депозити е намалувањето на денарските долгорочни депозити на претпријатија, јавен сектор и други комитенти.

Валутната структура на депозитите на крајот од 2000-та година останува речиси непроменета во однос на 1999 година. На денарските депозити отпаѓаат 57,1%, а на девизните депозити отпаѓа остатокот од 42,9%.

Од аспект на структурата на депозити по носители, најзначајни промени има кај депозитите од јавен сектор и депозитите на население, кои во текот на 2000-та година бележат зголемување на своето структурното учество во

вкупната депозитна база, за сметка на намалување на учеството на депозитите од претпријатија.

Графикон 7

Движење на структурата на депозити по носители




Како резултат на постепеното враќање на довербата на граѓаните во банките во Република Македонија во текот на 2000-та година, дојде до значаен пораст на депозитите на население. Вкупните депозити на население на крајот од 2000-та година изнесуваа 13,524 милиони денари, што претставува 3,952 милиони денари, односно 41,28% повеќе во однос на претходната година. Притоа, денарските депозити на крајот на 2000-та година беа за 15,6%, а девизните за 69,2% повисоки во однос на истиот период од претходната година. Од аспект на рочната структура на депозитите на население, највисок пораст во текот на 2000-та година од 72,3% е остварен кај краткорочно орочените депозити до 1 година, порастот на депозитите по видување изнесува 47,4%, а најнизок е порастот на долгорочно орочените депозити над 1 година кои во однос на претходната година се зголемени за 10,2%. Ова покажува дека и понатаму населението преферира краткорочно девизно штедење.

Значаен пораст е остварен и кај депозитите од јавниот сектор, кои на крајот од 2000-та година се за 72,7% повисоки во однос на претходната година. Високиот пораст на оваа категорија депозити во најголем дел се должи на исплата на обврските по замрзнатото девизно штедење од Буџетот на Република Македонија, а средствата за оваа намена беа вложени како депозит во Стопанска Банка а.д. Скопје на крајот на годината. Од посебната наменска сметка на која се наоѓаат овие средства се отплаќаат купоните од обврзниците кои ги издаде Република Македонија по основ на обврските по замрзнато штедење.

Иако во текот на 2000-та година се намали учеството на депозитите на претпријатија во структурата на вкупните депозити на нефинансиски правни лица, сепак тие со учество од 52,4% остануваат доминантни во структурата на вкупните депозити. Приближно 99,5% од депозитите на претпријатија се по видување или краткорочно орочени депозити, а од аспект на валутната структура 57,7% се денарски депозити.

### *3.2.2. Секундарни извори на средства- Депозити и позајмици од банки*

Вкупните депозити и кредити од банки на крајот на 2000-та година изнесуваат 12.796 милиони денари што е 7,3% помалку во однос на претходната година. Во структурата на секундарните извори позајмиците од банки учествуваат со 61,1%, додека депозитите од банки имаат учество од 38,9%.

Преглед 7

Структура на депозити од банки

(во илјади денари)

| 2000 | | | |
|---|---|---|---|
| Рочност | Денарски | Девизни | Вкупно депозити од банки |
| По видување | 1.175 | 3.637.062 | 3.638.237 |
| Краткорочно орочени до 1 година | 435.688 | 832.687 | 1.268.375 |
| Ограничени | 20.857 | | 20.857 |
| Долгорочно орочени над 1 година | 47.292 | | 47.292 |
| Вкупно | 505.012 | 4.469.749 | 4.974.761 |
| 1999 | | | |
| Рочност | Денарски | Девизни | Вкупно депозити од банки |
| По видување | | 2.442.502 | 2.442.502 |
| Краткорочно орочени до 1 година | 199.830 | 376.370 | 576.200 |
| Ограничени | 15.922 | | 15.922 |
| Долгорочно орочени над 1 година | 42.679 | | 42.679 |
| Вкупно | 258.431 | 2.818.872 | 3.077.303 |
| Стапка на пораст | 95,41% | 58,57% | 61,66% |

На крајот на 2000-та година депозитите од банки се 61,7% повисоки во однос на претходната година. Карактеристично е што независно од рочноста, сите депозити од банки во текот на годината бележат пораст. Притоа, најзначаен е порастот остварен кај депозитите по видување (49%) и краткорочно орочените депозити (120,1%). Од аспект на валутната структура, доминантно учество имаат девизните депозити кои во вкупните депозити од банки учествуваат со 89,8%.

Преглед 8

Структура на позајмици

(во илјади денари)

| 2000 | НБРМ | | Домашни банки | | Странски банки | | Претпријатија | | Други | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рочност | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Вкупно |
| Краткорочни | 1 | | 640.088 | - | | 1.621.279 | - | | 85.800 | - | 2.347.168 |
| Долгорочни | 641.782 | | 209.556 | - | | 3.822.224 | 23.078 | | 777.764 | - | 5.474.404 |
| Вкупно | 641.783 | - | 849.644 | - | - | 5.443.503 | 23.078 | - | 863.564 | - | 7.821.572 |
| 1999 | | | | | | | | | | | |
| Рочност | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Вкупно |
| Краткорочни | 680.301 | | 1.185.439 | 54.063 | | 2.702.563 | 210.813 | | 139.721 | - | 4.972.900 |
| Долгорочни | 599.584 | | 163.273 | - | | 4.278.248 | 64.728 | | 655.506 | - | 5.761.339 |
| Вкупно | 1.279.885 | - | 1.348.712 | 54.063 | - | 6.980.811 | 275.541 | - | 795.227 | - | 10.734.239 |
| Стапка на пораст | -49,86% | | -37,00% | -100,00% | | -22,02% | -91,62% | | 8,59% | | -27,13% |

Позајмиците од банки во текот на 2000-та година покажуваат континуиран тренд на намалување. Со исклучок на позајмиците од други клиенти, сите други позајмици бележат намалување во однос на истиот период од минатата година. Од ова произлегува констатацијата дека ликвидносната позиција на банките во Република Македонија во 2000-та година има тренд на зајакнување.

Во текот на 2000-та година дојде до значајна промена во рочната структура на позајмиците. Краткорочните позајмици го сведоа учеството во вкупните позајмици на ниво од 30%, односно 16,3 процентни поени помалку, а за сметка на тоа дојде до пораст на учеството на долгорочните позајмици. Ова се должи на големиот пад на вкупните краткорочни позајмици за 52,8%, што произлегува од намалувањето на краткорочните позајмици од домашни и странски банки во однос на претходната година.

Од аспект на валутната структура на позајмиците, нема некои позначајни промени во текот на 2000-та година. Така, најголем дел од позајмиците остануваат девизни (69,6%), а останатиот дел се денарски позајмици, пред сé краткорочни кредити за ликвидност користени преку Пазарот на пари.

Во структурата на позајмиците од аспект на нивниот извор и во текот на 2000-та година доминантни остануваат позајмиците од странски банки по основ на краткорочни и долгорочни кредитни линии со 69,6%, а значително помало е учеството на позајмиците од домашни банки и позајмиците од Народна Банка на Република Македонија.

Графикон 8

Движење на позајмиците по извори




*3.2.3. Сопствени средства*

Сопствените средства на банките на крајот на 2000-та година изнесуваа 19.102 мил. денари што е 27,89% повеќе во однос на претходната година. Главна причина за порастот на оваа категорија извори на средства се неколкуте значајни капитални инвестиции од страна на странски инвеститори. Овде пред сé би требало да се споменат позначајните стратешки инвестиции на National Bank of Greece во Стопанска Банка а.д. Скопје, Alpha Credit Bank Athens во Кредитна Банка а.д. Скопје и Групацијата Nova Ljubljanska Banka d.d. Ljubljana и LHB Internationale Handlesbank am Main во Тутунска Банка а.д. Скопје. Со овие трансакции покрај докапитализација се изврши и квалитативна промена на основачката структура, односно откуп на акционерски капитал од веќе постојни акционери.

Вкупниот основачки капитал на македонските банки во текот на 2000-та година беше зголемен за 3.376 милиони денари, од кои на странски директни инвестиции отпаѓаат 90%, а останатите 10% се нови уплати на акционерски капитал од страна на домашни акционери, капитализација на дел од добивката за 1999 година, како и пренос на дел од резервните фондови во акционерски капитал.

Во текот на годината, од страна на странски инвеститори се уплатени 3.960 милиони денари капитал со кој е извршен откуп на акционерски капитал од страна на постојни акционери во банките. Ова особено беше поволно за одредени банки кои имаа акционери кои во исто време беа кредитокорисници со висок кредитен ризик. Овие банки имаа можност да извршат debt to eqity swap трансакции кои повлекоа два ефекти: прво, намалување на лошите пласмани во кредитното портфолио на банките и второ, подобрување на квалитативната структура на акционерскиот капитал.